РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-3254/7
20-01-2022

Врз основа на член 22 став 7 а во врска со член 114 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 4 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по сопствена иницијатива на 59 – та седница, одржана на ден 14.01.2022 година донесе

**ОДЛУКА**

**Се запира** постапката иницирана по службена должност од страна на Државната комисија за спречување на корупцијата, против службеното лице ------------ ВД Директорот на ------------, бидејќи постапил по Известувањето бр. 09-3254/4 од 16.09.2021 година со кое се констатирана состојба на прекршување на ограничувањата предвидени во член 45 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, истиот постапи по задолжувањата од наведеното известување.

Исто така, после доставен прекршочен платен налог со бр. 09-3254/3 од 16.09.2021 година, во законски предвидениот рок истиот ја плати глобата предвидена во член 105 став 1 алинеја 2 од истиот закон.

Предметот со број 09-3254/1 од 02.09.2021 година се затвора и архивира.

**О б р а з л о ж е н и е**

Предметот со број 09-3254/1 од 02.09.2021 година е оформен по сопствена иницијатива врз основа на редовна проверка на Образецот - Изјава за интереси поднесена од службеното лице ------------- ВД Директорот на ----------, поради тоа што по изборот на наведената функција, управувањето на ДПТУ -------------- го доверил на член на неговото семејство (сопруга), што е спротивно на член 45 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

------------- е именуван за ВД Директорот на ----------- со акт бр. ----------- од 03.11.2020 година. По проверка во Дистрибутивниот систем на Централниот Регистар на Република Северна Македонија на ден 13.07.2021 година е утврдено дека наведеното лице преку подносител ----------- доставил пријава за промена на управител на ДПТУ -------------- ДООЕЛ --------- на ден 12.11.2020 година до Централниот регистар на РСМ, и за управител на ова трговско друштво е назначено лицето ----------, сопруга на службеното лице ----------.

Вака констатираната состојба е спротивна на член 45 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, при што ДКСК побара од наведеното лице во рок од 15 дена од приемот на известувањето да ја отстрани констатираната состојба односно управувањето со ДПТУ -------------- да го довери на друго лице, освен на членовите на неговото семејство.

Врз основа на член 114 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК на истото лице му издаде и достави прекршочен платен налог за повреда на член 45 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, казнив по член 105 став 1 алинеја 2 од истиот закон.

На ден 15.10.2021 година, -------------- ВД Директорот ------------, до ДКСК достави копија од уплатница за уплата на глоба по доставен прекршочен платен налог со бр. 09-3254/3 од 16.09.2021 година. На ден 02.11.2021 година истото лице до ДКСК достави Решение за промена на овластено лице на ДПТУ --------------, односно како управител на наведеното правно лице е поставена ----------------------.

Имајќи го во предвид погоре изнесеното , Државната комисија одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**Горан Трпеноски**

По заклучок на ДКСК,
Изработил: СМ, виш соработник
Одобрил: м-р В.Г член на ДКСК